Врз основа на член 170 и 171 од Законот за трговски друштва (сл. Весник на РМ бр.28/04) основачите на ден_________година го потпишаа овој договор

# ДОГОВОР

за основање на трговско друштво како друштво со ограничена одговорност ДОО

Член 1

Со овој договор се основа трговско друштво во сопственост на домашни/ странски физички лица како друштво со ограничена одговорност.

Член 2

Друштвото е правно лице и се основа на неопределено/ определено време

Член 3

Основачи на друштвото се:

______________________________________________

(име, презиме, адреса, број на лична карта, ембг)

______________________________________________

(име, презиме, адреса, број на лична карта, ембг)

Член 4

Називот и седиштето на фирмата ќе биде:

______________________________________________

Скратен назив: ______________________________________________

Член 5

Друштвото може да ги менува седиштето и фирмата.

Одлуката за промена на фирмата и седиштето ја донесуваат основачите на друштвото, на собир на содружници.

Член 6

Друштвото во внатрешниот промет ќе ги обавува сите дејности утврдени со НКД освен оние за кои е потребна согласност, дозвола или друг акт на државен или друг надлежен орган.

Во надворешно трговскиот промет друштвото ќе ги обавува евидентираните дејности во надворешен промет

Основна дејност:______________________________________________

(национална класификација на дејности)

Друштвото својата дејност може да ја извршува преку подружници кои ќе се организираат со посебна одлука донесена на собир на содружниците.

Член 7

Друштвото може да ги менува дејностите со одлука донесена на собир на содружниците.

Член8

Основната главнина на друштвото се состои од збирот на влоговите на содружниците и изнесува_______ден или______ЕУР.

Содружникот________________________________________________________________
учествуваат во основната главнина со основен влог во предмети во износ од ден или ___ЕУР што претставува учество од___% во основната главнина.

ПРИКАЗ НА ПРЕДМЕТИТЕ

| Ред. бр. | Опис | Колич. | Цена во ЕУР | Износ во ЕУР | Износ во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно | | | | | |

Содружникот________________________________________________________________
учествуваат во основната главнина со основен влог во предмети во износ од ден или ___ЕУР што претставува учество од___% во основната главнина.

ПРИКАЗ НА ПРЕДМЕТИТЕ

| Ред. бр. | Опис | Колич. | Цена во ЕУР | Износ во ЕУР | Износ во МКД |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| | | | | | |
| Вкупно | | | | | |

Член 9

Друштвото со своето работење стекнува добивка која му припаѓа на основачите во износ од 100 %.

Добивката се утврдува со годишна пресметка и истата се дели по подмирување на законските обврски на друштвото.

Добивката се дели меѓу содружниците сразмерно на нивните удели во друштвото.

Управителот може да одлучува за распределбата според критериуми и насоки утврдени од собирот на содружниците.

Член 10

Покривањето на загубата на друштвото ќе се покрива од средствата на друштвото предвидени за таа намена согласно законот.

Основачите како содружници учествуваат во покривањето на загубата на друштвото сразмерно со учеството во основната главнина.

Член 11

Собирот на содружници составен од сите содружници ги врши следниве работи:

-разгледување и усвојување на годишна сметка

-одлучува за распределба на добивката и покривање на загубата

-именување и разрешување на управителот

-донесува одлуки за враќање на дополнителните уплати

-решава за избор и разрешување на членови на Надзорен одбор

-покренува барање за надомест на штета сторена во друштвото како и во врска со работењето на друштвото

-ги одобрува склучените договори за набавка на опрема за сопствени потреби

-врши други работи определени со законот

Член 12

Друштвото има управител кој го именуваат основачите на собир на содружници.

Управител(и) на друштвото е

______________________________________________________________

(име, презиме, адреса, број на лична карта, ембг)

Управителот ќе го застапува и претставува друштвото во внатрешниот и надворешниот промет и ќе ги презема сите акти и дејствија во интерес на друштвото.

Член 13

Друштвото има својство на правно лице со права и обврски утврдени со законот.

Во правниот промет со трети лица друштвото истапува во свое име и за своја сметка.

За обврските сторени во правниот промет со трети лица друштвото одговара со својот целокупен имот, а основачите сносат ризик до висина на основниот влог.

Член 14

Секој содружник има право да учествува во управувањето со друштвото и во распределбата на добивката, да биде информиран за работењето на

друштвото, да ги разгледува списите на друштвото како и на дел од остатокот на ликвидационата, односно стечајната маса.

Член 15

Уделот на содружникот во друштвото се определува според големината на влогот што го презел содружникот.

Обврска на друштвото е на содружниците да им издаде потврда за уделот.

Потврдата се издава како препис на состојбата запишана во книгата за удели.

Член 16

Содружничкиот однос во друштвото престанува со:

-смрт на физичкото лице – содружник

-престанување на правното лице – содружник

-истапување на содружникот од друштвото

-исклучување на содружникот од друштвото

-стечај над содружник

Член 17

Содружник односно друштвото со тужба може да бара друг содружник да биде исклучен од друштвото ако за тоа постојат оправдани причини.

Како оправдани причини се сметаат ако другиот содружник:

- причини штета на друштвото или на некој од содружниците, или ако со натамошното негово учество во друштвото, како содружник, друштвото или содружниците ќе трпат штета.
- се однесува спротивно на одлуките на содружниците, донесени на собир на содружниците или со одлучување преку дописување
- не учествува во управувањето со друштвото и со тоа го спречува и ограничува редовното работење на друштвото или остварувањето на правата на другите содружници
- намерно или грубо ги крши одредбите од договорот за друштвото, односно не ги извршува должностите што ги има како содружник или
- на друг начин не ги извршува преземените обврски со договорот за друштвото

Член 18

Содружникот може со тужба да бара истапување од друштвото ако за тоа постојат оправдани причини.

Оправдани причини постојат:

- ако другите содружници или орган на друштвото му причинат штета или ако со натамошното негово учество во друштвото, како содружник, ќе трпи неправедни штети
- ако е спречен во остварување на своите права во друштвото и
- ако некој орган во друштвото му наметнува несразмерни обврски

Член 19

Друштвото престанува со:

- одлука на собирот на содружници
- одлука за спојување со друго друштво или поделба на друштвото
- стечај
- одлука на регистарскиот суд и
- други случаи определени со закон.

Член 20

Овој договор стапува на сила од денот на упис во трговскиот регистар.

Место

Содружници:

______________________________

(име и презиме)

______________________________

(име и презиме)